Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона ЈУГ 2, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона ЈУГ 2, Општина Ѓорче Петров-Скопје , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осмата Седница на Советот, одржана на ден 14.07.2009 година.

**Број 08-2164/1**
**од 15.07.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на Град Скопје“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05 и 137/07 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на 14.07.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план**
**за дел од Западна индустриска зона - ЈУГ 2**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона - ЈУГ 2 - Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,(Сл. весник на Р.Македонија бр. 51/2005 и 137/2007), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006 и 140/2007)

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона ЈУГ 2, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 18,5 ха, со следни граници на опфат:

- на североисток: осовина на бул." Илинден"
- на исток и југ: осовина на ул. "Ацо Шопов"
- на запад: западна граница на комплексот на ТГС "Технички гасови"
- на југ: оди по јужна граница на комплексот АД "Карпош", продолжува на запад и север по границата на комплексот до осовина на бул. "Илинден"

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона-ЈУГ2, Општина Ѓорче Петров е изработен од А.Д.за урбанизам, архитектура и инженеринг "ЗУАС"-Скопје, со технички број 1649/2008.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

**Основни информации**

1. Вовед
2. Улога и функција на просторот
3. Информација за просторот
3.1. Местоположба, граница и површина
3.2. Природни карактеристики
3.3. Цел и значење на планот
3.4. Методи на изработка

**Анализа на постојна состојба**

1. Вовед
2. Намена на површините и организација на просторот
3. Население
4. Структура на станови
5. Градежен фонд
6. Билансни показатели
7. Сообраќај
8. Хидротехничка инфраструктура
9. Електрична мрежа

**Заклучоци и анализа на постојната состојба и досегашната планска документација**

**Програма**

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на Скопје од 2002 год.............................. 1:5000
2. Извод од ДУП од 1987 год. ............................................. 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога ..................................... 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправна градба........... 1:1000
5. Инвентаризација на постоен градежен фонд................ 1:1000
6. Инвентаризација на постојна инфраструктура............. 1:1000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вовед
2. Местоположба, граници и површина
3. Цели и задачи на планот
4. Просторен концепт
4.1. Општи поставки
4.2. Намена на просторот и организација

5. Класи на намена на земјиштето

5.1. Лесна и незагадувачка индустрија - Г2
5.2. Сервиси - Г3
5.3. Инфраструктура - бензинска станица Г5
6. Инфраструктура
6.1. Нивелациски план
6.2. Сообраќајно решение
6.3. Хидротехничка инфраструктура
6.4. Електроенергетика и ПТТ инсталации
7. Мерки за заштита

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Синтезен приказ .................................................................. 1:1000
   - план на намена на земјиштето и градбите
   - регулационен план
   - план на површина на градење

2. Синтезен план........................................................................ 1:1000
   - сообраќајно решение
   - нивелациски план

3. Инфраструктурен план ....................................................... 1:1000
   - хидротехничка инфраструктура
   - локации на трафостаници

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2118/3**
**од 14.07.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона ЈУГ 3, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона ЈУГ 3, Општина Ѓорче Петров-Скопје , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осмата Седница на Советот, одржана на ден 14.07.2009 година.

**Број 08-2164/2**
**од 15.07.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на Град Скопје“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05 и 137/07 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на 14.07.2009 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Детален урбанистички план**
**за дел од Западна индустриска зона - ЈУГ 3**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона - ЈУГ 3 - Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје(Службен гласник на Град Скопје бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,(Сл. весник на Р.Македонија бр.24/08),пречистен текст, Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006 и 140/2007)

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона ЈУГ 3, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 27,00 ха, со следни граници на опфат:

- на североисток: осовина на бул." Илинден"
- на исток и југ: северна граница на АД Карпош, осовина на траса на новопланирана ул.1 и заштитен коридор на јужна страна од индустриски колосек
- на југозапад: осовина на булевар" Македонска војска"
- на северозапад: осовина на траса на булевар "Црна Гора"

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона-ЈУГ3, Општина Ѓорче Петров е изработен од А.Д.за урбанизам, архитектура и инженеринг "ЗУАС"-Скопје, со технички број 1950 /2008.

Деталниот урбанистички план содржи:

## ВОВЕД

## I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

### А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на просторот
3. Историјат на планирањето и уредувањето на планскиот опфат
4. Состојба на природни чинители
4.1. Местоположба и сообраќајна поврзаност
4.2. Природни карактеристики
5. Создадени вредности
5.1. Анализа на состојбите во просторот
5.2. Население
5.3. Градежен фонд
5.4. Нумерички показатели
5.5. Билансни показатели
5.6. Постојна инфраструктура
6. Оценка на можностите за просторен развој
7. Пописни листи

### Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП на Скопје од 2002 год............................. 1:5000
2. Извод од ДУП од 1987 год. ........................................... 1:2500
3. Ажурирана геодетска подлога ..................................... 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправна градба.......... 1:1000
5. Инвентаризација на постоен градежен фонд............... 1:1000
6. Инвентаризација на постојна инфраструктура............. 1:1000

## II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

8. Вовед
9. Местоположба, граници и површина
10. Извод од ГУП
11. Просторен концепт
12. Поделба и обележување на единиците на градежното земјиште
13. Класа на намени на површини и градби
6.1. Производство, дистрибуција и сервиси
6.1.1. Лесна индустрија, сервиси и стоваришта
7. Нумерички показатели
8. Билансни показатели

9. Сообраќајна инфраструктура
10. Комунална инфраструктура
11. Економско образложение
12. Мерки за заштита
13. Услови за изградба

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Синтезен приказ ..................................................... 1:1000

   - план на намена на земјиштето и градбите
   - регулационен план
   - план на површина на градење

2. Синтезен план........................................................ 1:1000

   - сообраќајно решение
   - нивелациски план

3. Синтезен план ........................................... 1:1000

   - хидротехничка инфраструктура
   - локации на трафостаници

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2118/4**
**од 14.07.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л**
**Александар Стојкоски с.р.**